Република Северна Македонија
Јавна општинска установа за деца
Детска градинка „Детска радост“
Бр. 04-64/8
03-02 2020 год.
СТРУМИЦА

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 275/19 и 14/20) и доставената финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат (арх.бр. 04-64/5 од 03.02.2020 година), а во врска со објавениот интерен оглас за унапредување (арх.бр. 04-30/1 од 21.01.2020 година), објавен на веб страната на општина Струмица и веб страната на Агенцијата за администрација објавен на ден 27.01.2020 година, Директорот на ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица донесе:

# ОДЛУКА

за избор на кандидати по објавен интерен оглас за унапредување на административни службеници во ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица

I. За работните места објавени во интерниот оглас за унапредување на административни службеници во ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица, избрани се следните кандидати:

1. За работно место под реден број 1 (еден)- Самостоен регерент – Администратор (вршител на административни работи), со шифра ДЕЗ 01 02 Г01 003 се избира кандидатот **Слободанка Димитријева.**
2. За работно место под реден број 2 (два) – Самостоен референт – Аналитичар – евидентичар, со шифра ДЕЗ 01 02 Г01 004 се избираат канидатите **Слаѓана Божинова и Софија Стојанова**.

II. За работните места предвидени сѐ финансиски средства од страна на Министерството за финансии за тековната фискална година (2020).

III. Оваа одлука стапува на сила по истекот на рокот за жачба.

## *О б р а з л о ж е н и е*

На ден 27.01.2020 година на веб страната на општина Струмица и веб страната на Агенцијата за администрација беше објавен интерен оглас за унапредување на административни службеници во ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица.

Постапувајќи по одредбите од Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување со Записник бр. 04-64/5 од 03.02.2020 година изврши административна селекција по интерен оглас бр. 01/2020 и констатира дека за огласните места под реден број 1 и 2, уредно се пријавиле по 1 (еден) канидат, односно 2 (два) кандидати за работно место под број 2 за двајца извршители.

На ден 03.02.2020 година во просториите на Агенцијата за администрација со уредно пријавените кандидати се спроведе интервју за што постои и Записник од спроведено интервју бр. 04-64/6 од 03.02.2020 година и се изготви финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по оглас бр.01/2020 при што се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на општина Струмица.

Директор на

ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица

Васил Бубев